РЕПУБЛИКА М... ОПШТИНА С... НИКОЛЕ -1 РАДОНАЧАЛНИК-
Бр. 0903-67/3
26.03.2018 год.

Здружение на граѓаните на текстилните, кожарските и чевларските работници
ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ Штип
Бр. 0306-1/2
26.03.2018 год.

# МЕМОРАНДУМ

## За соработка помеѓу Здружението Гласен Текстилец и општина Свети Николе

Со цел да делуваат во јакнењето на меѓусебната соработка, на тој начин што ќе ги насочат своите напори кон поттикнување и афирмација на областите од заеднички интерес, како и во унапредување во соработката со други институции од заеднички интерес, Здружението на граѓани на текстилните, кожарските и чевларските работници Гласен Текстилец, со седиште на ул. Сутјеска 59, Штип и општина Свети Николе, Плоштад Илинден бб (во понатамошниот текст: страни потписници) на ден 26.03.2018 во Свети Николе потпишаа:

## **Меморандум за соработка меѓу Здружението Гласен Текстилец и општина Свети Николе**

### **Област на соработка**
### **Член 1**

Водени од потребата за меѓусебна соработка поради ефикасно спроведување на своите цели во Република Македонија во Областа на поквалитетен живот на граѓаните Здружението Гласен Текстилец и општина Свети Николе се согласни да ги реализираат активностите со заемна помош во обласите кои се цел на нивно делување:

Подобрување на животот на работниците во текстилна, кожарската и чевларската индустрија како и граѓаните во општина Свети Николе.

### **Видови на соработка**
### **Член 2**

- Промовирање на заеднички активности
- Организирање настани од интерес на двете страни потписнички
- Организирање обуки и семинари за потребите на страните потписнички
- Лобирање и успешно претставување на потребите на нашите целни групи.
- Информирање за можноста за користење на ИПАРД-фондовите во Република Македонија и другите програми на Европската унија.
- Проширување на мрежата на соработка со други институции и организации
- Меѓусебно информирање за резултатите од работењето

## Начин на реализирање на соработка
## Член 3

Соработката од член 2 на овој Меморандум ќе се остварува врз основа на поединечно доставено барање за секој одделен вид на соработка, со можност за склучување на посебен договор.

## Финансиски трошоци
## Член 4

Евентуалните финансиски трошоци кои ќе произлезат од секој посебен вид на соработка ќе се утврдуваат со посебен договор склучен меѓу страните потписници на овој меморандум.

## Измена на меморандумот
## Член 5

Овој меморандум може да се менува и да се дополнува со писмена согласност меѓу страните потписнички.

## Влегување во сила
## Член 6

Овој меморандум влегува во сила од денот на неговото потпишување.

## Член 7

Овој меморандум е составен во 4 (четири) еднобразни примероци, од кои 2 (два) примероци за Здружението Гласен Текстилец и 2 (два) примероци за општина Свети Николе.

Општина Свети Николе
Градоначалник
Сашо Велковски

Здружение Гласен Текстилец
Овластено лице
Ивана Грозданова